| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со поединечна класа на намена В7.3 – згради на полиција на дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/4, градска четврт Ј 20 БЛОК 10, Општина Кисела вода, Град Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Агенција за планирање на просторот |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Влада на Република Северна Македонија |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | м-р. Андријана Андреева, дипл.инж.арх. |
| Назив на работното место | Рак. на одд. за регулациско и детално планирање како потписник Планер со посебни овластувања |
| Контакт податоци за лицето | Плоштад Македонија бр.2 1000 Скопје<br>телефон: (+389 2) 3 227-244 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со поединечна класа на намена В7.3 – згради на полиција на дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/4, градска четврт Ј 20 БЛОК 10, Општина Кисела вода, Град Скопје, се изработува врз основа на член 63-а од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25), Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2025 година (Сл. Весник на РСМ бр.25/25) - дел III, точка 23 и Проектната програма одобрена од Министерството за транспорт и Министерството за внатрешни работи. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X (НОВ)<br>Не |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| Не се врши измена на постоечки плански документ |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА – Просторно и урбанистичко планирање<br><br>**<u>Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со поединечна класа на намена В7.3 – згради на полиција на дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/4, градска четврт Ј 20 БЛОК 10, Општина Кисела вода, Град Скопје со тех.бр. F0525.</u>**<br>Целта на изработка на урбанистичкиот проект е да ги дефинира правилата за изградба на комплекс со градби кои во иднина ќе се користат и ќе бидат во функција на Министерството за внатрешни работи. Урбанистичкото решение на комплексот ќе биде согласно потребните програмски содржини за непречено функционирање и работа на институцијата, со вградување на сите еколошки и технички стандарди за престој и работа на вработениот персонал во просторот и градбите. На овој начин ќе се овозможи подобрување на квалитетот, ефективноста и одржливоста на услугите кои придонесуваат за зачувување на безбедноста и интересот на граѓаните и државата.<br>Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:<br>• рационално користење на земјиштето,<br>• максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,<br>• оформување архитектонска целина,<br>• почитување и заштита на правото на човекот на работа,<br>• почитување и валоризација на културното и градителското наследство,<br>• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,<br>• подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,<br>• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,<br>• вградување мерки за заштита и спасување,<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,<br>• почитување на законските прописи за дадената намена,<br>да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната дефинирана градежна парцела и земјиштето за општа употреба. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| НЕ | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** | | | |
| НЕ | | | |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** | | | |
| Изработката и донесувањето на овој вид Урбанистичкиот проект претставува фаза која е неопходна за спроведување на реффоросокиот процес кој подразбира развоен концепт на постојано унапредување на расположливите капацитети на безбедносниот систем, односно систем кој може да се справи со современите закани и ризици по националната безбедност.<br>Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес, претставува основен развоен документ, кој има крајна цел преку:<br>• рационално користење на земјиштето,<br>• максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,<br>• оформување архитектонска целина,<br>• почитување и заштита на правото на човекот на работа,<br>• почитување и валоризација на културното и градителското наследство,<br>• вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,<br>• подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидитет,<br>• вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,<br>• вградување мерки за заштита и спасување,<br>• почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,<br>• почитување на законските прописи за дадената намена,<br>да ги утврди параметрите и насоките за изработка на Урбанистичките и Основни проекти за идната дефинирана градежна парцела и земјиштето за општа употреба. | | | |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** | | | |
| Планирање на просторот. | | | |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** | | | |
| 2025 година. | | | |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** | | | |
| / | | | |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** | | | |
| Подрачјето за кое се изработува Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес се | | | |

наоѓа во градот Скопје, а територијално припаѓа во Општина Кисела Вода. Просторот на предметното подрачје е диспозициониран југоисточно во однос на градот Скопје, кон падинита на Водно.

Поширокиот простор на подрачјето е дефиниран со граници кои произлегуваат од примарната градска улична мрежа, оформувајќи просторна единица – градска четврт именувана во ГУП на град Скопје 2012-2022г. како „Јужно 20" (скратено Ј 20). Соседните простори на оваа градска четврт се градските четврти „Ј 14" на северната страна, градската четврт „Ј 15" на јужната страна и градската четврт „Ј 17" од источната страна.

Подрачјето за кое се изработува предметниот Урбанистички проект е диспоизиционирано во центарот на градската четврт Ј 20 кое е поделено на 10 блокови. Предметната локација се наоѓа во блок 10. Пристапот до локацијата од постојната совирна улица "Христо Татарчев" (ул. "Сава Ковачевиќ"), и од планирана сервисна улица „Димо Хаџидимов". Теренот во границите на планскиот опфат е претежно рамен. Контактната зона на планскиот опфат, како и целата останата површина која припаѓа на градската четврт Ј 20 е со минимален пад. Проектниот опфат е дефиниран со линија и прекршни точки, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25).

Границата на проектниот опфат се движи по границите на катастарските парцели и нивни делови, оски на улици, по создадени и природни и други просторни граници кои ги дозволува природата на проектниот опфат и предметот на планирањето, започнувајќи од исток, југ и запад зазема дел од КП 4899/1, а на север дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/4.

Границата на планскиот опфат е прикажана со затворена линија која ги поврзува сите прекршни точки и лаци , означени со редни броеви од 1 до 5 со два лаци, а во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 142/25).






| |
|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>**(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се** |

| | |
|---|---|
| **во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.)** | |
| Несоодветното управување со генерираниот отпад како и испуштање на санитарно - отпадните води без претходен третман може да се очекуваат влијанија врз животната средина. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Предвидениот проектен опфат се наоѓа во рамки на ГУП Скопје и е веќе приклучен на сите градски инфраструктури (Водовод, канализација, струја, топловод...). Отпадот се третира во рамки на Градските мрежи за управување со отпад. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари, поплави и хаварии. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Нема. Локацијата веќе е приклучена на сите градски мрежи. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Позитивно влијание врз социо-економските развој на општината, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**<br>Областа со реализација на планираниот објект ќе добие зголемена вредност. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Во границите на проектниот опфат на Урбанистичкиот проект за градби од стратешки интерес нема евидентирано заштитено добро или добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство и истото е потврдено со Дописот од Министерството за култура – Управата за заштита на културното наследство (арх.бр. 17-2151/2 од 01.07.2025г.).<br>Притоа во претходно приложениот Допис, наведено е дека доколку при |

| | |
|---|---|
| | реализацијата на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14, 44/14, 199/14, 104/15 , 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19 и 3/25). |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | На подрачјето на проектниот опфат не постои изграден градежен фонд и претставува неизградено земјиште. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Врз основа на урбанистичкото решение, основните проекти за градбите и инфраструктурата во градежната парцела. Понатамошната разработка на Урбанистичкиот проект да биде со Основен и/или Идеен проект.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Проектниот опфат се движи по границите на катастарските парцели и нивни делови, оски на улици, по создадени и природни и други просторни граници кои ги дозволува природата на проектниот опфат и предметот на планирањето, започнувајќи од исток, југ и запад зазема дел од КП 4899/1, а на север дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/4. Пристапот до локацијата од постојната совирна улица "Христо Татарчев" (ул. "Сава Ковачевиќ"), и од планирана сервисна улица „Димо Хаџидимов". Во пошироката околината има постоен изграден градежен фонд кој нема да има никакво влијание врз локацијата.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**
**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Од аспект на животната средина во оперативната фаза може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, односно:

Воздух: зголемена фрекфенција на возила од работни активности на објектот;

Бучава: зголемено ниво на бучава од превозните средства;
Вода: на предметната локација ќе се генерираат санитарни и атмосферски отпадни води.
Почва: Несоодветното управување со емисиите во воздух, отпад и отпадни води генерирани во рамките на планскиот опфат може да го нарушат квалитетот на почвата.
Културно наследство: во близина на предметната локација нема заштитени добра од културно и историско значење;
Пејсаж: Планскиот опфат не располага со карактеристичен природен пејсаж;
Транспорт: Зголемена фрекфенција на возила по собирната улица;
Отпад: Генерирање на отпад.
Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.
- Овој проект ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што државата ги дава на своите граѓани.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување, ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Неправилно управување со отпадот, неправилно постапување со отпадните води од објектот може да доведат до загадување на животната средина и здравјето на човекот. Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен развој при истовремена заштита на животната средина.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Урбанистички проект за градби од стратешки интерес, се изработува врз основа на член 63-а од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25), Годишната Програма за финансирање на изработка на Урбанистички планови за 2025 година (Сл. Весник на РСМ бр.25/25), во делот III, точка 23 .

За подрачјето каде се планира изработка на Урбанистички проект за градби од стратешки интерес со поединечна класа на намена В7.3 – згради на полиција на дел од КП 4899/1 и дел од КП 4899/4, градска четврт Ј 20 БЛОК 10, Општина Кисела вода, Град Скопје, доставено е Барање за извод од план (арх. бр. 09-921/3 од04.06.2025г. и арх.бр.09-921/6 од 05.06.2025г.) до Град Скопје за Изводи од сите важечки Урбанистички и/или Урбанистички проекти кои се во рамки или граничат со наведениот проектен опфат, и тоа:

- Извод од ГУП на град Скопје 2012-2022г. за градска четврт Ј 20 (бр. 13-5/64-1 од 05.06.2025г.) и
- Извод од РП на ГУП на град Скопје 2012-2022г. за градска четврт Ј 20, Блок 10 (бр. 13-5/65-2

од 09.06.2025г.

За потребите за изработка на овој проект обезбеден е извод од ГУП Скопје 2012-2022 за четврт Ј 20 (Извод бр. 64/2025) кој дозволува планирање намена В7 (В4 по стар закон) во рамки на зададениот проектен опфат, како и Решение за услови за планирање.

До Општина Кисела Вода, за потребите на овој Урбанистички проект за градби од стратешки интерес доставено е Барање за Извод за донесени урбанистички планови и документации во кои се во рамки или граничат со наведениот проектен опфат (арх бр. 09-921/2 од 04.06.2025г.) и добиен допис од општина Кисела Вода (арх бр. 13-сл од 16.06.2025г.), каде се наведува дека општина Кисела вода не е во можност да издаде Извод од Детален урбанистички план за дел од населба "Кисела бода" – локалитет 4, бидејки истиот не е усогласен со Регулациски план за Градска Четврт Ј20 блок 10, и наведениот ДУП неможе да се спроведува во делови или во целост.

Согласно наведеното, единствен документ врз основа на кој овој простор може да се планира се Условите за планирање на ГУП Скопје 2012-2022 (УП 15-2049/4 од 16.05.2012 и УП1-15 1508/2021 од 20.10.2021) и извод од ГУП Скопје 2012-2022 за Градска четврт Ј 20 (Извод бр. 64/2025).

Со оглед на тоа дека се работи за објект со намена В7.3- специјални градби за потребите на Министерството за внатрешни работи се донесува Одлука за неспроведување на стратегиска оцена на влијанието на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

За предметната локација има спроведено стратегиска оцена во рамки на ГУП Скопје 2012.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Планскиот документ не подлежи под постапка на оцена на влијанието врз животната средина.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **МИНИСТЕР**<br>**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ** |
| Бр. 67-7400/3<br>Датум 13.11.2025 година<br>Место: Скопје | М.П. |